Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 31, 16 ноември 2009 година

ноември 2009 година
Штип

# СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звања - предавач (специјалист) за наставна област анестезиологија на Високата здравствена школа - Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звања - предавач (специјалист) за наставна област оториноларингологија - Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 14

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за наставна област интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 18

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за наставна област урологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 46

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научна област епидемиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 50

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за наставно-научно подрачје инфектологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 54

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за наставно-научно подрачје трансфузиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 66

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник-предавач (специјалист) за наставна област дерматовенерологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 82

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научна област хирургија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 89

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звања - предавач (специјалист) за наставна област протетика на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 99

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научна област ортопедски болести на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 105

**РЕФЕРАТ** за избор во наставно звање асистент (специјалист) за наставно подрачје радиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ... 112

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звања - предавач (специјалист) за наставна област офтамологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ... 120

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научно подрачје фармација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ... 129

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научна област микробиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ... 134

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звање - предавач во наставно подрачје стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ... 148

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научна област патологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ... 151

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звања доцент во наставно-научна област микроекономија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ... 153

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научна област педијатрија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ... 164

**РЕФЕРАТ** по основ на објавен оглас за избор на двајца соработници за наставно-научна област архитектура, урбанизам и планирање ... 173

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент на предметот Јавно здраство и здраствена заштита на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ... 177

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот-скрипта „Основи на сточарското производство“ од Ацо Кузелов, доцент на Земјоделски Факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ... 182

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот-скрипта „Анатомија со физиологија на домашните животни“ од Ацо Кузелов, доцент на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ... 184

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ПО ОСНОВА НА ОБЈАВЕН ОГЛАС ЗА ИЗБОР НА ДВАЈЦА СОРАБОТНИЦИ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ АРХИТЕКТУРА, УРБАНИЗАМ И ПЛАНИРАЊЕ**

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, од 10.7.2009 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на **2 (двајца) соработници во звање помлад асистент/асистент** за наставно-научна област **архитектура, урбанизам и планирање** по Конкурс објавен на 15.6.2009 година во дневниот весник „Вечер".

На Конкурсот, објавен на 15.6.2009 г. во дневниот весник „Вечер", кој се однесуваше за избор на двајца соработници во звање помлад асистент/асистент се пријавија следниве кандидати:

1. Зоран Иванов, дипломиран шумарски инженер, насока Проектирање и технологија на мебел и ентериер, роден на 10.12.1983 г. во Штип;
2. Нада Опашинова, дипломиран инженер архитект, родена на 8.4.1953 г. во Берово;
3. м-р Елена Диновска, магистер за дизајн на дигитален простор, родена на 26.3.1984 г. во Скопје;
4. Александра Трајковска, дипломиран инженер архитект, родена на 24.4.1978 г. во Битола;
5. м-р Дејан Илиев, магистар на географски науки, роден на 4.9.1981 г. во Скопје;
6. Методи Хаџи-Андов, дипломиран инженер архитект, роден на 31.8.1973 г. во Штип;
7. м-р Ана Митановска, магистер по сообраќајни науки, родена на 3.12.1976 г. во Скопје;
8. м-р Вангел Милошевски, магистар на шумарски науки, роден на 20.3.1976 г. во Гостивар.

По извршениот увид во пристигнатите пријави на гореспоменатиот Конкурс, Комисијата до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Според елементарните податоци за секој од осумината пријавени кандидати, а имајќи ги предвид член 129 и член 130 од Законот за високото образование, Комисијата заклучи дека кандидатите под редните броеви 1, 2, 4 и 6 не ги исполнуваат елементраните услови за избор во соработничко звање (немааат научен степен магистер), а кандидатот под реден бр. 3 нема доставено комплетна документација, согласно со Конкурсот. Поради тоа, овие кандидати нема да бидат евалуирани, а во продолжение на овој реферат ќе се осврнеме, пошироко, на секој од тројцата кандидати кои ги исполнуваат елементарните услови за избор во соработничко звање, секако врз основа на податоците од пристигнатите пријави.

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Дејан Илиев** е роден на 4 септември 1981 г. во Скопје, со постојано место на живеење во Радовиш. По завршувањето на основното и средното образование во Радовиш, во учебната 1999/2000 година се запишува на Природно-математички факултет во Скопје, на Институтот за географија. Дипломира во академската 2004/2005 год., односно на 14.10.2004 г. на тема *„Трансформација на селското стопанство и искористување на земјиштето во атарот на село Воиславци"*. Студиите ги завршува со просечен успех 9,35. Во академската 2004/2005 г. се запишува на постдипломските студии по просторно планирање на Природно-математичкиот факултет - Институт за географија. Предвидените испити од оваа студиска програма ги положува со просечна оценка 9,75 по што му е одобрена изработка на магистерски труд со наслов *„Проценка на просторниот капацитет на Струмичко – Радовишката Котлина за одржлив развој на стопанските активности"*. На 21.11.2007 г. го одбранува магистерскиот труд и се стекнува со стручен назив магистер на географски науки. Во академската 2007/2008 година од страна на

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет му е одобрена изработка на докторска дисертација со наслов „*Туризмот во функција на интегралениот развој на Република Македонија”*. Изработката на докторската дисертација е во тек.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

М-р Дејан Илиев има работно искуство од три години во високото образование, како соработник (асистент) по туризмолошко-географска група на предмети на Факултетот за туризам при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје. Кандидатот има објавено 10 (десет) научни и стручни трудови, пред сѐ од областа на туризмот и трансформацијата на селското стопанство.

**ПРИЛОГ 1**

**Табела за вреднување на активностите на м-р Дејан Илиев, географ, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Вежби | 12 | 0.2 | 2.4 |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| Труд со оригинални научни резултати објавен во домашно списание | 1 | 3 | 3 |
| Труд со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови од научен собир во земјава | 9 | 1 | 9 |
| **Стручно-уметничка (СУ)** | | | |
| | | | |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна (СА + ОР)** | | | |
| ВКУПНО: | | | **18,4** |

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Ана Митановска** е родена на 3 декември 1976 г. во Скопје, со постојано место на живеење во Скопје. Своето додипломско образование го оформува во периодот 1995-2001 година на Техничкиот факултет во Битола - Сообраќаен отсек, каде се стекнува со титула сообраќаен инженер. Во тој период е учесник на интернационални летни пракси (Анкара, Турција) и волонтер во Министерството за транспорт и врски на Р. Македонија. Своето образование го продолжува во 2002 година на Универзитетот Хокаидо, Сапоро (Јапонија), Отсек за инженерство на урбанизам и екологија, Лабораторија за планирање на системи за транспорт и сообраќај, каде успешно ја одбранува магистерската теза со наслов „*Студија за евалуација и подобрување на средината поволна за употреба на велосипеди во централниот дел од градот Сапоро“*. Покрај формалното образование, има завршено и низа обуки и тренинзи. Во моментов работи како наставник во средно училиште, а има работено како помлад научник и менаџер на лабораторија на Универзитетот Минесота, Минеаполис (САД) и како помлад научник на Универзитетот на Тексас, Далас, Тексас (САД).

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

М-р Ана Митановска има работно искуство како настваник во средно образование и како помлад научен соработник и менаџер на лабораторија на Универзитетот Минесота, Минеаполис (САД) и како помлад научник на Универзитетот на Тексас, Далас, Тексас (САД).

## ПРИЛОГ 1

**Табела за вреднување на активностите на м-р Ана Митановска, сообраќаен инженер, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Вежби (10 часа во период од две години) | 20 | 0.2 | 4 |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| Студиски престој во странство | 1 | 8 | 8 |
| Учесник во научен проект | 3 | 2 | 6 |
| **Стручно-уметничка (СУ)** | | | |
| | | | |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна (СА + ОР)** | | | |
| Елаборати и експертизи | 3 | 2 | 6 |
| Изготвување на извештаи од анализи | 30 | 0.1 | 3 |
| ВКУПНО: | | | **31** |

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Вангел Милошевски** е роден 20 март 1976 година во Гостивар, со постојано место на живеење во Скопје. Високото образование го оформува на Шумарскиот факултет во Скопје, во периодот 10/1997 до 5/2002 г. На истиот факултет запишува постдипломски студии, кои ги завршува со одбрана на магистерскиот труд на 12.7.2007 година со наслов „*Денудациони геоморфолошки форми во сливното подрачје на акумилацијата Мавровица*“.

Во моментов е вработен како в.д. директор на Завод за водостпопанство на Република Македонија, каде е на различни позиции работи од 2003 година.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатот е учесник на поголем број стручни и научни собири и обуки, има публикувано еден научен труд. Како дел од работниот ангажман учествува во голем број домашни и меѓународни проекти.

## ПРИЛОГ 1

**Табела за вреднување на активностите на м-р Милошевски Вангел, шумарски инженер, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| Труд со оригинални научни резултати објавен во домашно списание | 1 | 3 | 3 |
| Елаборати и експертизи | 19 | 2 | 38 |
| **Стручно-уметничка (СУ)** | | | |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна (СА + ОР)** | | | |
| ВКУПНО: | | | **45** |

**ЗАКЛУЧОК**

Имајќи го предвид гореизнесено, Комисијата може да констатира дека на Конкурсот за избор на двајца соработници (помлад асистент/асистент) од научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки, **се пријавиле тројца кандидати кои може да бидат избрани како соработници во звање (помлад асистент/ асистент). Со оглед на формалното образование, дополнителнителните обуки и научни и стручни афинитети, само кандидатката м-р Ана Митановска е со соодветен профил и искуство.** Според тоа, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, **да ја избере м-р Ана Митановска во звање асистент за наставно-научна област архитектура, урбанизам и планирање** при Факултетот за природни и технички науки, Институт за архитектура и дизајн.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Благој Голомеев - претседател, с.р.**
**Проф. д-р Зоран Панов - член, с.р.**
**Доц. д-р Дејан Мираковски - член, с.р.**